СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT
NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË SË VERIUT
Бр. 01-213/1
30.03 20 23 год.

# Годишен извештај за работењето на

# Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2022 година

Скопје, март 2023 година

**Содржина**

1. Основање .....3

2. Мисија .....3

3. Визија .....3

4. Состав на Советот во 2022 година .....3

5. Надлежности на Советот .....4

6. Исполнување на Годишната програма за работа на Советот за 2022 г. .....5

7. Лиценцирање .....6

8. Надзор над Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија .....7

9. Меѓународна активност на Советот за 2022 година... **Error! Bookmark not defined.**

10. Финансиски информации за реализација на Финансискиот план за 2022 година .....10

9

## 1. Основање

Заради унапредување и надзор на ревизијата, Владата на Република Северна Македонија, на Предлог на Министерот за финансии основаше Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија ( во понатамошниот текст: Советот) како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија ( " Службен Весник на Република Македонија " бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и " Службен весник на Република Северна Македонија " бр.122/21).

## 2. Мисија

Советот има за цел преку стручни анализи, препораки, советувања и вршење независен јавен надзор на ревизијата, да работи во насока на нејзино унапредување, поттикнување и придржување кон високите професионални стандарди во ревизорската професија, со цел да се зголеми довербата и транспарентноста во податоците и информациите искажани во финансиските извештаи на деловните ентитети, а со тоа да се минимизираат потенцијалните ризици со што се влијае кон подобрување на целокупната бизнис клима во Република Северна Македонија.

## 3. Визија

Визијата на Советот е унапредување и обезбедување висококвалитетен, професионален, независен и ефикасен надзор на ревизијата во Република Северна Македонија.

## 4. Состав на Советот во 2022 година

Мандатот на членовите на Советот е пет години, со можност за повторен избор за уште еден мандат. Владата на Република Северна Македонија на 14.03.2022 година , го разреши в.д. Претседателот на Советот Ване Цветанов. За в.д. претседател на Советот на 15.03.2022 година, Владата го назначи Александар Наумоски. На 10.05.2022 година, Владата на Република Северна Македонија го назначи Александар Наумоски за Претседател на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Р.С.Македонија. Во текот на 2022 година Советот работеше во следниот состав на членови претставници на институции:

1. Др. Илија Андов – претставник од Народна Банка на Р.С.Македонија;
2. Коста Спасески – претставника од Агенција за супервизија на осигурувањето на Р.С.Македонија ( именуван на 04.10.2022 година);
3. Анета Трајковска – претставниk од Комисија за хартии од вредност на Р.С.Македонија – ( разрешена на 12.04.2022 година );
4. Каљтрина Љута – претставник од Комисија за хартии од вредност на Р.С.М. ( именувана на 12.04.2022 година);
5. Николаки Миов – претставник од Институтот на овластени ревизори на Р.С.Македонија ( разрешен на 17.05.2022 година);
6. Лидија Нануш – претставник од Институтот на овластени ревизори на Р.С.Македонија ( именувана на 17.05.2022 година);
7. Јасна Дуковска Јегени – претставник од Институтот на овластени ревизори ( разрешена на 04.10.2022 година);
8. Благој Христов – претставник од големите трговски друштва.

## 5. Надлежности на Советот

Согласно со членот 8 од Законот за ревизија, Советот ги извршува следниве работи:

- донесува статут, деловник за работа, годишна програма, финансиски план и годишен извештај;
- донесува Тарифник за издавање на лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштва за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец;
- издава и одзема лиценца за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор-трговец поединец врз основа на правила и постапки пропишани од Советот;
- иницира контрола на друштвата за ревизија, овластените ревизори - трговци поединци и на овластените ревизори од страна на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија;
- дава согласност на Статутот и другите акти на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, ја следи нивната примена и му предлага на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија нивно изменување и дополнување;
- го следи спроведувањето на годишната и тригодишната програма за контрола преку извештаите добиени согласно член 20-а став (5) од Законот за ревизија и преку учество во комисијата на Институтот надлежна за контрола;
- го следи спроведувањето на годишните програми за полагање испит и за континуирано професионално усовршување на Институтот;
- ја следи постапката што ја спроведува Институтот за признавање на квалификации за ревизор стекнати во странство;
- врши надзор над Институтот;
- изрекува мерки на овластени ревизори, друштва за ревизија и овластени ревизори трговци - поединци, согласно со Законот за ревизија и го пропишува начинот на утврдување на мерките;

- дава насоки на Институтот за прашања за кои е надлежен согласно со Законот за ревизија;
- ги проверува извештаите за транспарентност согласно со членот 35 од Законот за ревизија;
- ја следи примената на одредбите од Законот за ревизија и прописите донесени врз основа на него и врз таа основа му предлага на министерот за финансии изготвување на соодветни изменувања и дополнувања на истите;
- воспоставува соработка со домашни, странски и меѓународни институции;
- донесува процедури за соработка и размена на податоци со Институтот;
- донесува годишен план за вработување на државни службеници;
- донесува годишен план на обуки за сите вработени;
- одлучува за други прашања за вработените и
- врши други работи утврдени со Закон и Статутот на Советот.

Советот е колективен орган кој работи на седници и донесува одлуки со мнозинство гласови од присутните членови на седницата.

## 6. Исполнување на Годишната програма за работа на Советот за 2022 година

Во текот на извештајната година, Советот освен што ги реализира планираните активности во Годишната програма за 2022 година ги изготви следните акти и ги реализираше следните активности:

1. Годишна програма за работа на Советот за 2023 година;
2. Годишен план за проценка од ризици на корупција во Советот за 2022 година;
3. Стратешки план на Советот 2023-2025 година.

Советот донесе тригодишен Стратешки план 2023 – 2025 година во кој јасно се дефинирани целите на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, како и начините/патот за развој на ревизорскиот систем во Република Северна Македонија.

Овој стратешки план е изработен врз база на темелна анализа на состојбите, имајќи ги предвид пред се' препораките од голем број на домашни и меѓународни експерти.

Во предметниот период се предвидени активности од страна на Советот во соработка со сите засегнати страни, чија крајна цел е градење на ревизорски систем во државата кој ќе биде усогласен со меѓународните стандарди и ќе осигура зголемен квалитет на ревизиите, запазување на принципите на законитост, јавност и транспарентност и зголемување на степенот на доверба кај инвеститорите и подобрување на бизнис климата во државата.

Во периодот на спроведување на стратешкиот план, се очекува донесување на новиот Закон за ревизија, а со цел прецизно дефинирање на надлежностите на Советот и неговата одговорности неговата практична имплементација, по што ќе следат серија на активности насочени за помош на субјектите, како и за зајакување на надзорот во однос на неговата примена. Советот е потребно да обезбеди и овозможи примена на Методологија за спроведување на независен јавен надзор на ревизорските ангажмани кај правните лица од јавен интерес.

Со новиот Закон за ревизија е потребно зајакнување на адмистративни, материјални и технички капацитети на Советот и каде една од клучните измени ќе се однесува на воведување на одржлив систем на финансирање на надлежностите на Советот и трансферирање на контрола на квалитетот од Институтот за овластени ревизори во Советот, како регулатор на ревизорска професија. Советот активно учествуваше во изработка на предлог законското решение на Законот за равизија и даде свои предлози и сугестии за унапредување.

За реализација на споменатите цели и низ подобрување на соработката помеѓу Советот и Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија и усогласувањето на системот за контрола на квалитетот со Директивата за ревизија на ЕУ и со неа поврзаната Регулатива, потребно е донесување и спроведување на подзаконски акти како и серија активности преку кои ќе се гарантира нивната реализација, а се очекуваат позитивните ефекти од предвидените и очекуваните резултати.

Советот одржа вкупно деветнаесет (19) седници и тоа седум (7) редовни ( со физичко присуство ) и дванаесет (12) електронски седници. На седниците се донесени мислења, одлуки и решенија по однос на работата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија, како и други одлуки кои произлегуваат од законските надлежности на Советот.

## 7. Лиценцирање

Согласно законските надлежности кои произлегуваат од член 8 став (1) точка 1), а се поврзани со членовите 23, 24 и 25 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/21), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија врз основа на своите јавни овластувања издава и одзема лиценци за овластен ревизор, лиценца за работа на друштво за ревизија и лиценца за работа на овластен ревизор трговец – поединец врз основа на внатрешни акти донесени од страна на Советот.

Советот ги издава лиценците доколку подносителот на барањето за издавање на лиценца ги исполнува условите предвидени со Законот за ревизија. Доколку (правното или физичкото лице) престане да ги исполнува законските услови врз основа на кои се стекнал со лиценца за работа, или по нивно барање, Советот може трајно да ја одзема лиценцата за работа.

Советот може времено или трајно да ја одземе лиценцата за работа и врз основа на дисциплински мерки изречени од Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија на друштва за ревизија, овластени ревизори трговци – поединци и овластени ревизори.

Во следнава табела е прикажен бројот на издадени и одземени (времено и трајно) лиценци во текот на 2022 година.

| **Ревизорски субјекти** | **Број на издадени лиценци** | **Број на времено одземени лиценци** | **Број на трајно одземени лиценци** |
|---|---|---|---|
| **<u>Овластени ревизори</u>** | 8 | / | 5 |
| **<u>Овластени ревизори трговци - поединци</u>** | 3 | / | 1 |
| **<u>Друштва за ревизија</u>** | 1 | 1 | / |
| **<u>Промена на име на лиценца</u>** | 1 | / | / |
| **Вкупно** | **13** | **1** | **6** |

Советот во текот на 2022 година редовно го известуваше Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија за секое ново лиценцирање и за секоја изречена дисциплинска мерка во текот на 2022 година, заради обврската која што ја има Институтот на овластени ревизори согласно член 19 од Законот за ревизија за постојано ажурирање на Регистрите на физички и правни лица кои вршат ревизија

## 8. Надзор над Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија (ИОРРСМ)

Советот како независно и самостојно регулаторно тело на ревизијата во Република Северна Македонија, со јавни овластувања утврдени во Законот за ревизија врши надзор над работата на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија. При тоа, Советот го врши надзорот непосредно преку учество на член на Советот во Комисијата за контрола на

Институтот и учество на Претседателот на Советот во Комисијата за спроведување на испитот за стекнување на звање ревизор. Посредно Советот го врши надзорот согласно надлежностите утврдени во Законот за ревизија со разгледување и давање мислења предлози и согласност на актите за Институтот.

## 8.1. Дадени согласности на актите на Институтот

Во текот на 2022 година, Советот даде согласност на следните акти на Институтот:

1. Годишна програма за работа на Институтот за 2022 година;
2. Програма за полагање на испит за стекнување на звањето ревизор;
3. Одлука за назначување на претставник од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за Претседател на Комисија за спроведување на испитот за стекнување на звањето ревизор при Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија;
4. Годишен извештај за работата на Институтот за 2021 година;
5. Годишна програма за работа на Комисијата за контрола на квалитет на ревизорските услуги за 2022 година;
6. Тригодишна програма за работа на комисија за контрола на квалитет на ревозрските услуги за 2022-2024 година;
7. Годишен извештај за наодите од извршените контроли на квалитет за 2020/2021 година;

## 8.2. Проверка на извештаите за транспарентност и изготвување на Годишен извештај за извештаите за транспарентност (за ниво на квалитетот на севкупните активности на Друштвата за ревизија и Овластените ревизори-Трговци поединци)

Како една од основните задачи на Советот е проверката на извештаите за транспарентност кои што согласно Законот за ревизија друштвата за ревизија се должни да ги објавуваат на годишна основа. Стручната служба на Советот согласно „Упатството за проверка на извештаите за транспарентност ги проверува извештаите за транспарентност„ и подготвува „Годишен извештај„ кој се доставува на разгледување од страна на Советот, а по неговото усвојување, истиот е јавно достапен документ кој се објавува на веб страница на Советот.

Врз основа на извршената проверка на извештаите за транспарентност, Советот врши анализа на поставеноста на внатрешниот систем за контрола на квалитет на друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци, го утврдува вкупниот број на вработени кај нив, го утврдува вкупниот приход кој го оствариле друштвата за ревизија и овластените ревизори - трговци поединци во 2021 година, расчленет на четири категории.

Посебен акцент во проверката на извештаите за транспарентност е ставен на анализата на вкупните приходи на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци. Анализата покажа дека пазарот за ревизија во Република Северна Македонија е зависен од странските ревизорски мрежи. Тоа овозможува на нашиот пазар да има и странска и професионална експертиза при вршењето на ревизија во Република Северна Македонија.

Во Република Северна Македонија се застапени 14 странски ревизорски мрежи. Во овие ревизорски мрежи членуваат само друштва за ревизија. Не постојат овластени ревизори – трговци поединци кои се дел од некоја странска ревизорска мрежа.

Вкупниот приход на друштвата за ревизија и овластените ревизори – трговци поединци бележи пораст, на сметка на приходот од ревизија кој се намалува.

### 8.3 Учество на Континуирано професионално усовршување - КПУ

Во рамките на реализација на Годишната програма за Континуирано професионално усовршување за 2022 година, Претседателот на Советот, Александар Наумоски со вработени во стручната служба присуствуваше на два КПУ настани во организација на Институтот на овластени ревизори на Република Северна Македонија.

- Првиот КПУ настан се одржа на 16.06.2022 година на онлајн платформа (Zoom Meeting). Во текот на настанот беше опфатена следнава тема: „Обврски на контролорите и обработувачите согласно Законот за заштита на личните податоци„, и
- Вториот КПУ настан се одржа на 25.11.2022 година во просториите на Едукативен центар М6, кој се наоѓа во склоп на Винарска визба Тиквеш. Во текот на настанот беа опфатени следниве теми: „Примена на новиот Закон за спречување перење пари и финансирање на тероризам, нови типологии и актуелни прашања во делот на спречување перење пари и финансирање тероризам„, и „Улогата на осигурителните супервизори и ревизори во развојот на осигурителната дејност„.

## 9. Меѓународна активност на Советот за 2022 година

### 9.1 Учество во Комитетот „Moneyval„ при Советот на Европа

Во текот на 2022 година, во рамките на подготовките за on site посетата од страна на тимот на евалуатори на Комитетот Moneyval при Советот на Европа, која е највbooажниот дел од целокупниот процес од 5-от круг на евалуација на системот за СППФТ на нашата држава согласно методологијат на ФАТФ, од 5 до 8 јули, во хотел Панорамика, Скопје се одржа обука-прва симулација на интервју со евалуаторите, која беше реализирана од страна на меѓународен експерт на СППФТ, г. Giuseppe Lombardo и на кој присуствуваа двајца вработени во Стручната служба на Советот.

Во периодот од 12 до 16 септември, двајца вработени во Стручната служба на Советот присуствуваа на Втората симулација на интервју со меѓународниот експерт г. Giuseppe Lombardo, како подготовка за интервјуата со евалуаторите од Комитетот Moneyval при Советот на Европа.
Во периодот од 21 септември до 6 октомври двајца вработени во Стручната служба на Советот земаа учество во состаноците со евалуаторите од Комитетот Moneval во рамките на онсајт посетата (оценска мисија).

### 9.2 Работни состаноци со претставници на домашни и меѓународни институции

Претседателот на Советот, со член на Советот и вработен во стручната служба на Советот има работен состанок со претставници на УСАИД тим во состав Jean Robert – Регионален Финансиски контролор, Mirna Djozo – Финансиски аналитичар и Ergin Ismaili – Финансиски Аналитичар. На работниот состанок беа дискутирани можности за техничка помош за институционален развој на Советот со цел за независен јавен и инспекциски надзор над ревизорската професија во Република Северна Македонија. Истиот се одржа на 9. Ноември.

На 15 март, вработени во стручната служба на учествуваа на онлајн информативен состанок TAIEX INFO DAY, на која беше резимирана соработката до сега и се најавија новини во однос на идните предизвици.

На 15 Јуни, во Хотелот Александар Палас, Претседателот на Советот, Александар Наумоски и вработен во Стручната служба на Советот учествуваа во работилнциза за Работна Група во проширан состав за правотот на трговски друштва, како дел од ИПА проектот „Зајакнување на внатрешниот пазар“ / Компонента 3, проект на Министерствотот за Економија.

На 12 октомври вработени во Стручната служба на Советот присутвуваа на објаснувачки состанок во Секретаријатот за европски прашања, за Поглавје 06 Право на трговски друштва, на кој Европската комисија го презентираше новиот корпус на ЕУ acquis донесено во периодот по 2018/2019 година. Состанокот се одржа преку видео линк.

На 18 ноември, тројца вработени во стручната служба учествуваа на обука за скрининг за Поглавје 6 и 7 во рамките на проектот „Поддршка за подготовка за билатерален скрининг за избрани области во рамките на Кластерот Темели“ финансиран од Делегацијата на ЕУ. Целта на проектот беше да се обучат претставници од ресорните институции и СЕП за процесот на скрининг, ос фокус на билатерален скрининг.

На 6 декември, вработени во Стручната служба на Советот присуствуваа на координативен состанок во СЕП како подготовка на Поканата од Европска комсија за одржување на билатерален скрининг за Поглавје 6 кој беше закажан на 27 јануари 2023 година.

### 9.3 Работни состаноци со претставници на Светска Банка

Во периодот од 30 до 31 март Претседателот на Советот со вработени во Стручната служба учествуваа на Webinar организиран од Центарот за реформи во финансиското известување на Светска банка. Целта на настанот беше да се информираат учесниците за најновите случувања во Европска Унија кој се поврзани со Известување за коорпоративна одржливост и функционирање на Единствен Европски електронски формат.

Во периодот од 29 ноември до 1 декември во Виена, Претседател на Советот и вработен во стручната служба на Советот учествуваа на серија настани посветени на 15 годишнината од на Центарот за реформи во финансискотот известување на Светска банка, вклучително и Министерската конференција на тема „Financial and Sustainability Reporting for Debt Transparency and a Resilient Recovery“

### 9.4 Преземени понатамошни иницијативи на Советот на меѓународен план

Советот од 2015 година отпочна активно да преговара за зачленување во Меѓународниот форум на независни регулатори на ревизијата и очекува дека наскоро ќе се зачлени во ова организација на глобално ниво. Тоа за Советот значи активно и постојано да биде во тек во најновите трендови во ревизијата на глобално ниво и нивно преточување во домашната професионална регулатива од областа на ревизијата. Членството се очекува да се ефектуира по донесување на новиот Закон за ревизија со кој ке биде транспонирана контролата на квалитет од Институтот во Советот , надлежност што претставува услов за членство во Меѓународниот форум на независни регулатори на ревизијата.

## 10. Финансиски информации за реализација на Финансискиот план за 2022 година

Вкупните расходи на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија на Буџетската сметка 637 за 2022 година изнесуваат 8.750.174,00 денари, додека на сметката од самофинансирачки активности 787, расходите за 2022 година изнесуваат 973.102,00 денари.

**Плати и надоместоци** – Расходите за плати и надоместоци изнесуваат 5.536.650,00 денари и истите се однесуваат за исплата на плати за Претседателот на Советот, вработените во стручната служба.

**Стоки и услуги** – Расходите за стоки и услуги од Буџетската сметка изнесуваат 3.213.524 денари, а од самофинансирачката сметка изнесуваат 973.102 денари. Расходите во рамките на оваа категорија се однесуваат за исплата на патни и дневни расходи за патувања на вработените во земјата и странство, комунални услуги за просторот со кој располага Советот, расходи за

материјали и ситен инвентар, расходи за поправки и тековно одржување, расходи за договорни услуги и други тековни расходи.

| Група | Расходна ставка | Опис | План на сметката 637 | Реализација на сметката 637 | План на сметката 787 | Реализација на сметката 787 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 401 | Основни плати | 4.380.000 | 3.938.896 | - | - |
| | 402 | Придонеси за социјално осигурување | 1.620.000 | 1.534.754 | - | - |
| | 404 | Надоместоци | - | 63.000 | | |
| **40** | | **Плати и надоместоци** | **6.000.000** | **5.536.650** | **-** | **-** |
| | 420 | Патни и дневни расходи | 300.000 | 252.609 | - | - |
| | 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.000.000 | 898.700 | - | - |
| | 423 | Материјали и ситен инвентар | 200.000 | 197.215 | - | - |
| | 424 | Поправки и тековно одржување | 200.000 | 100.366 | 500.000 | 39.500 |
| | 425 | Договорни услуги | 1.600.000 | 1.351.447 | 800.000 | 705.291 |
| | 426 | Други тековни расходи | 500.000 | 343.187 | 230.000 | 228.311 |
| **42** | | **Стоки и услуги** | **3.800.000** | **3.143.524** | **1.530.000** | **973.102** |
| | 464 | Разни трансфери | 100.000 | 70.000 | - | - |
| **46** | | **Субвенции и трансфери** | **100.000** | **70.000** | **-** | **-** |
| | 480 | Купување на опрема и машини | 750.000 | - | - | - |
| | 483 | Купување на мебел | - | - | - | - |
| | 485 | Вложување и нефинансиски средства | 1.790.000 | - | - | - |
| **48** | | **Капитални расходи** | **2.540.000** | **-** | **-** | **-** |
| | | ВКУПНО | **12.440.000** | **8.750.174** | **1.530.000** | **973.102** |

| | |
|---|---|
| Број ______________<br>________ 2023 година<br>Скопје | **Претседател на Советот,**<br>Александар Наумоски |